Институт за комуникациски студии

Врз основа на член 38 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016, 64/24 и 235/24), Правилникот за избор во научни звања и Статутот на Институт за комуникациски студии, Институтот за комуникациски студии на ден 01.10.2024 го објавува следниот:

К О Н К У Р С

За избор и/или реизбор во научни звања

1. **Избор и/или реизбор во сите научни звања:**
   - Еден научен советник од научното подрачје општествени науки (5), научно поле економија и бизнис (5.02), научна област маркетинг (5.02.00.05).

   Покрај општите услови утврдени со Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следниве услови: завршен трет циклус на студии, да имаат објавувано повеќе рецензирани научни трудови и публикации самостојно или со други автори, да докаже учество како главен истражувач или значаен придонес во реализирање на научно-истражувачки програми и проекти и оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

2. **Кандидатите треба да ги достават следните документи:**
   - Детална биографија;
   - Диплома за завршен втор и трет циклус на студии (оригинал или копија заверена на нотар); Високообразовната квалификација стекната во странство треба да е призната во соодветна постапка.
   - Уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар);
   - Список (и примероци) на објавени научни и стручни трудови;
   - Потврда за работно искуство во научноистражувачки резултати (доколку има);

3. **Конкурсот трае осум (8) работни дена од денот на објавувањето.**
   Потребната документација кандидатите треба да ја достават во Институтот за комуникациски студии на **ул. Јуриј Гагарин бр. 17/1-1, Скопје**.

   Документите не се враќаат. Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени предвид во постапката за одлучување.

   Избраните кандидати ќе бидат контактирани. **Ве молиме, без телефонски јавувања**.